РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. Уп1 21-723/2023
08-02 2024 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Национална установа - Institucioni Nacional
Центар за култура - Qendra e Kultures
"КОЧО РАЦИН" - Кичево "KOÇO RACIN" - Kerçovë
Примено / Pranuar: 20-02-2024
Орг. единица / Njësia org.: 03
Број / Numri: 41/1
Прилог / Shtojca:
Вредност / Vlera:

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 154/19) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

## РЕШЕНИЕ

**1.** За проекти од национален интерес во културата за 2024 година што се содржани во нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево** за 2024 година, доставена до Министерството за култура под бр. Уп1 21-723 од 04.07.2023 година RC 053895133 MK, **СЕ ИЗБИРААТ** следниве проекти:

- **од областа на драмската дејност**:

| | |
|---|---|
| 1.1. „Роботот и Тони“ - автор Весна Куслеска, режија Михајло Петревски (на македонски јазик), претстава за деца | 60.000 ден. |
| 1.2. „Вечер на стиховите и талентираните актери“ - автор Ќамил Алиу (на албански јазик) | 60.000 ден. |

- **од областа на музичката и музичко-сценската дејност:**

| | |
|---|---|
| 1.1. Музичка претстава за деца „Веселата Елка “ | 110.000 ден. |

- **од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност:**

| | |
|---|---|
| 1.1. „Школа за народни инструменти“ | 50.000 ден. |
| 1.2. „Школа за народни танци и ора“ | 50.000 ден. |
| 1.3. „Школа за народни танци и ора на албански јазик“ | 50.000 ден. |
| 1.4. 22 Ноември „Ден на албанската азбука“ | 80.000 ден. |
| 1.5. „РЕВИЈА НА ТРАДИЦИОНАЛНИ НОСИИ“ | 60.000 ден. |
| 1.6. 5 ти Мај Ден на македонската азбука и македонскиот јазик | 80.000 ден. |
| 1.7. 17-ти Меѓународен фолклорен фестивал на народни песни и ора „Д-р Владимир Полежиноски“ | 250.000 ден. |
| 1.8. Материјални трошоци за работа на установата | 100.000 ден. |

- **од областа на библиотечната дејност:**

| | |
|---|---|
| 1.1. Одбележување на светскиот ден на поезијата | 30.000 ден. |

1.2. Културни манифестации и активности за популаризација на книгата и читањето 30.000 ден.

1.3. Читам, пишувам, осознавам (Креативно-едукативни работилници) 20.000 ден.

1.4. Млади библиотекари 2024 20.000 ден.

1.5. Меѓународен ден на мајчиниот јазик „Мојот јазик сум јас“ 20.000 ден.

1.6. Набавка на нови книги на македонски јазик 150.000 ден.

1.7. Набавка на нови книги на албански јазик 150.000 ден.

- **од областа на инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**:

1.1. Набавка на инвентор климатизери за загревање на дел просториите и канцелариите во центарот 150.000 ден.

- **од областа на меѓународната дејност:**

1.1. Учество на КУД „Рацин“ на 58. Меѓународни фолклорни смотри во Загреб, Хрватска 120.000 ден.

- **од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн:**

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Младинска керамичка работилница за изработување и декорирање на керамички производи - Кичево | 120.000 ден. |
| 1.2 | Изложба „Камен “ Христина Крстеска | 40.000 ден. |
| 1.3 | Изложба „Хаосот како потреба за тестирање“ - Арлинд Бајрами | 40.000 ден. |
| 1.4 | Изложба „Меланхолични фрагменти од животот“ - Алмедина Бајрами | 40.000 ден. |
| 1.5 | Изложба Надвор од кутија -Елма Шерифи | 40.000 ден. |
| 1.6 | Изложба „За тебе“ -Колективна изложба | 40.000 ден. |
| 1.7 | Изложба „Циклус 19“ -Христина Зафировска | 45.000 ден. |
| 1.8 | Изложба „Кругови“ Петра Јовановска - превземање | 15.000 ден. |

**2.** Проектот/ите содржан/и во нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево** за 2024 година, доставена до Министерството за култура под бр. Уп1 21-723 од 04.07.2023 година RC 053895133 MK, од областа на:

- **музичката и музичко-сценската дејност**:

2.1. 1 Април денот на шегата

- **фолклорната и сценско-уметничката дејност:**

2.1. „Традиционален Велигденски концерт“

2.2. „Бајрамска вечер“
2.3. „Вечер на успешните жени во културата и уметноста Кичево 2024 година“
2.4. 28 Ноември - Ден на албанското знаме

- **библиотечната дејност:**
  2.1. „Поетски ѕвезди -жена“

- **литература и издавачка дејност:**
  2.1 Патрон празник Кочо Рацин

- **инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**:
  2.1. Санација и реконструкција на wc-то во центарот
  2.2. Промена на теписоните (синтелонот) во фоајето на центарот
  2.3. Музеј галерија Омер Калеши
  2.4. Промена на прозори и врати во центарот за култура втора фаза
  2.5. Галерија

- **визуелните уметности, архитектура и дизајн:**
  2.1 Изложба „Белези на традицијата “ Елизабета Наумоска
  2.2 Изложба „Балканот низ времето“ Коста Галиманоски

СЕ ОДБИВА/АТ.
**3.** Министерството за култура и директорот на Националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2024 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.
**4.** Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во согласност со член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура доставува нацрт-годишна програма за работа на установата. Во нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата што националната установа планира да ги оствари по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура на 8.6.2023 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за националните установи од областа на културата за доставување нацрт-годишна програма за 2024 година.

Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево, со допис бр. Уп1 21-723 од 04.07.2023 година RC 053895133 MK до Министерството за култура достави нацрт- годишна програма за работа на установата за 2024 година.

Во согласност со член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во нацрт- годишната програма одлучува министерот за култура на предлог на комисиите, односно надворешните соработници од член 11 став (4) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за драмска дејност достави Извештај бр. 20 – 1520/1 од 6.2.2024 г. до министерот за култура, со кој предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение, содржани во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево, да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2024 година.

Комисијата за музичка и музичко-сценска дејност достави Извештај бр. 21 – 1422/1 од 5.2.2024 г. до министерот за култура, со кој предложи проектот од точката 1 од диспозитивот на ова решение, содржан во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево, да се избере за проект од национален интерес за културата за 2024 година.

Комисијата за музичка и музичко-сценска дејност достави Извештај бр. 21 – 1422/1 од 5.2.2024 г. до министерот за култура, со кој предложи проектот од точката 2 на ова решение, содржан во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево, да се одбие од следниве причини:

- 1 Април денот на шегата - проектот нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија.

Комисијата за фолклорна и сценско-уметничка дејност достави Извештај бр. 21 – 1421/1 од 5.2.2024 г. до министерот за култура, со кој предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение, содржани во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево, да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2024 година.

Комисијата за фолклорна и сценско-уметничка дејност достави Извештај бр. 21 – 1421/1 од 5.2.2024 г. до министерот за култура, со кој предложи проектите од точката 2 на ова решение, содржани во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" од Кичево, да се одбијат од следниве причини:

- „Традиционален Велигденски концерт" - проектот нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија,

- „Бајрамска вечер“ - проектот нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија,
- „Вечер на успешните жени во културата и уметноста Кичево 2024 година“ - проектот нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија,
- 28 Ноември - Ден на албанското знаме - проектот нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија.

Комисијата за библиотечна дејност достави Извештај бр. 30-1346/2 од 01.02.2024 година до министерот за култура, со кој предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение, содржани во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево, да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2024 година.

Комисијата за библиотечна дејност достави Извештај бр. 30-1346/2 од 01.02.2024 година до министерот за култура, со кој предложи проектот од точката 2 на ова решение, содржан во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево, да се одбие од следниве причини:

- „Поетски ѕвезди -жена“ - се одбива затоа што нема адекватно и издржано образложение, со нереален и неиздржан буџет и без аргументи за квалитетот што го нудат.

Комисијата за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата достави Извештај бр. 50-962/3 од 05.02.2024 година до министерот за култура, со кој предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение, содржани во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево, да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2024 година.

Комисијата за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата до министерот за култура достави Извештај бр. 50-962/3 од 05.02.2024 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини: се одбива бидејќи не се комплетно доставени и не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура, не може да се утврди националниот интерес, како и ограничените буџетски средства за оваа намена.

Комисијата за меѓународна дејност достави Извештај бр. 33-1270/1 од 31.01.2024 г. до министерот за култура, со кој предложи проектот од точката 1 од диспозитивот на ова решение, содржан во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево, да се избере за проект од национален интерес за културата за 2024 година.

Комисијата за литература и издавачка дејност достави Извештај бр. 24-1419/1 од 05.02.2024 година до министерот за култура, со кој предложи проектите од точката 2 на ова решение, содржани во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево, да се одбијат од следниве причини:

- Патрон празник Кочо Рацин

СЕ ОДБИВА бидејќи Комисијата неможе да го утврди квалитетот на предложениот проект

Комисијата за визуелните уметности, архитектура и дизајн достави Извештај бр. 23-1536/1 од 07.02.2024 г. до министерот за култура, со кој предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение, содржани во нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево, да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2024 година.

Комисијата за визуелни уметности, архитектура и дизајн до министерот за култура достави Извештај бр. 23-1536/1 од 07.02.2024 година со кој од Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ од Кичево предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат, бидејќи Комисијата утврди дека согласно со описот не ги задоволуваат квалитативните мерила, критериумии дополнителните критериуми на Комисијата, односно немаат елементи од национален интерес.

Во согласност со член 70 став (7) од Законот за културата, годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Во согласност со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид горенаведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

М И Н И С Т Е Р,

Бисера Костадиновска-Стојчевска

Доставено до:
-Националната установа
-архивата на Министерството за култура

Подготви: Бесим Ибраими, советник
Одобри: Снежана И.Китанова, помошник раководител на Сектор
Согласен: м-р Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготви/одобри: Елена Николовска, раководител на Одделение
Одобри: Снежана И.Китанова, помошник раководител на Сектор
Согласен: м-р Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготви/одобри: Елена Николовска, раководител на Одделение
Одобри: Хајрие Сопи, помошник раководител на Сектор
Согласен: м-р Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготви: Калина Брајковска, помлад соработник
Согласен: Љумтурије Зајази, раководител на одделение
Одобри:Afed Jashari државен советник

Подготвил: Цветанка Јакимовска, виш соработник
Согласен: Владимир Попоски, раководител

Подготви: Љубица Стефановска, советник
Одобри: Гордана И. Велковска, раководител на Сектор
Согласен: м-р Ирина Димовска, државен советник

Подготви: Весна Ѓуровска, советник
Одобри: Беса Ода Муртеза, раководител на одделение

Подготви: м-р М.М.Аџигогова, соработник
Одобри:М.С.Ѓоргова, раководител на одделение
Согласен: м-р М.Седрак, раководител на сектор